Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 – 824/9
26.03.2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-814/1 од 16.11.2023 година поднесена од [redacted] против Македонски народен театар и [redacted] за извршена дискриминација врз основа на личен и општествен статус, политичка припадност, етничка припадност и други видови уверувања во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 22.3.2024 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на личен и општествен статус, политичка припадност, етничка припадност и други видови уверувања во областа на работата и работните односи сторена од страна на Македонскиот народен театар и [redacted] врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-814/1 од 16.11.2023 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус, политичка припадност, етничка припадност и други видови уверувања во областа на работата и работните односи, од страна на Македонскиот народен театар и [redacted]

Подносителот на претставката за заштита од дискриминација [redacted] е вработен во Македонскиот народен театар како актер од четврта група согласно Правилникот за систематизација на работни места во МНТ, при што дипломирал на македонски јазик во 1999 година, додека една година подоцна играл една од главните улоги за која бил оценет како врвен актер од критичарите и публиката. Во претставката тврди дека по ваквиот успех, во рамки на неговото вработување во Македонскиот народен театар во 2010 година, неговата кариера во театарот е попречена и оневозможена со тоа што добивал само средни и мали улоги, додека тврди дека од 2016 година па до денот на поднесување на претставката не добивал никакви улоги.

Во продолжение на претставката наведува дека во рамките на театарот често се употребувал изговорот дека не го ангажираат бидејќи не е во земјата, дека бил на снимање во странство и дека откажувал претстави, при што наведува дека ваквите тврдења се невистинити и дека сите инспициенти го знаат како најредовен и најпрофесионален на пробите кои се одржувале. Во претставката е дополнително истакнато дека со години бара да биде ангажиран за претстави, меѓутоа не добива одговор на истото. Подносителот смета дека унапредувањето треба да биде направено во моментот кога еден актер ги исполнува условите систематизирани за непосредно повисоката категорија, а не да се објавува конкурс за однапред определени унапредувања според лични, пријателски, политички преференции.

Во претставката е исто така наведено дека успесите во меѓународни филмови, каде што подносителот игра главни улоги, притоа соработувајќи со режисери и актери оскаровци се доказ за квалитетот на подносителот, при што истиот тврди дека со растот на неговата кариера во странство, расте и прогонот во неговата земја.

На крајот на претставката, подносителот го оспорува образложението на Македонскиот народен театар во однос на тоа дека при вреднувањето на успесите и квантитетот на остварувањата, најважни се театарските улоги, а не филмските улоги кои ги остварил во странство. Дополнително е наведено дека во моментот на поднесување на претставката за заштита од дискриминација има поведено судска постапка пред Основен граѓански суд Скопје за спор од работен однос.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 15.1.2024 година испрати Известување бр. 08-82/1 за произнесување по наводите од претставката до Македонскиот народен театар и [redacted], во кое покрај произнесување по наводите од претставката, конкретно беше побарана информација во однос на бројот на актери вработени во МНТ кои биле унапредени во периодот од 2010 до денот на испраќање на известувањето. Притоа, со ваквото известување за произнесување, Комисијата го префрли товарот на докажување на страната на потенцијалните дискриминатори согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

На ден 1.2.2024 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Македонскиот народен театар како одговор на претставката заведено под арх. бр. 08-82/2.

Од страна на МНТ наведуваат дека подносителот на претставката за заштита од дискриминација [redacted] е вработен во театарот на неопределено време на работно место актер од четврта група. Во однос на конкретното барање од страна на Комисијата, беше одговорено дека во периодот од 2010 година до денес, биле унапредени вкупно 4 актери, согласно законски пропишаната постапка, и тоа:

- [redacted] од актер - 4. група во актер - 3. група;
- [redacted]. група во актерка - 3. група;
- [redacted]ер – 3. група во актер – 2. група;
- [redacted]– 2. група во актерка - 1. група.

Во однос на првите два наведени актери, кои пред унапредувањето биле систематизирани како актери од 4. група, исто како и подносителот [redacted] наведено е дека актерката [redacted] има одиграно вкупно 32 улоги во театарски претстави, од кои 14 на сцената на Македонскиот народен театар, додека актерот [redacted] има одиграно вкупно 21 театарска улога, од кои 14 се на сцената на МНТ. Оттука, истакнуваат дека подносителот [redacted] има одиграно вкупно 19 улоги, од кои само 6 биле на сцената на МНТ, кој претставува негов матичен театар. Во продолжение, посочено е дека Комисијата за селекција на унапредување на актери, составена од [redacted] од 1. група) се актери кои покрај нивните ангажмани и остварувања во филмови, тв-серијали, емисии и настани во земјата и надвор од неа, паралелно се и носители на улогите во претставите во нивниот матичен театар – МНТ, образложувајќи дека се систематизирани како актери од највисоките категории поради бројот на одиграни претстави, активноста и творечкиот успех на

матичната сцена и признанијата и наградите од областа на театарската дејност, а не поради снимање на филмови и тв-серијали во и надвор од нашата држава.

Оттука, во произнесувањето е истакнато дека подносителот на претставката од 2016 година нема одиграно улога во нов проект на репертоарот на МНТ, односно дека неговата последна улога му онаа во претставата „Силјан штркот шанца". Дополнително е наведено дека во неколку наврати одбил да ја игра истата улогата на „Магиончарот" во истоимената претстава, поради што било проследено со алтернација и замена од страна на друг актер кој ја играл неговата улога. Притоа, наведено е дека претставата „Силјан штркот шанца" е повторно на репертоарот на МНТ , при што подносителот [redacted] ја игра улогата на Магионичарот од 30.1.2024 година.

На крај на произнесувањето, од Македонскиот народен театар истакнуваат дека согласно член 20 -а став 3 од Законот за вработените во јавен сектор, во националните театри, во кои дејноста согласно закон се врши на македонски јазик, односно на јазикот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, годишниот план за вработување не содржи податоци за распределба на бројот на планираните нови вработувања на давателите на услуги по припадност на заедница, врз основа на што подносителот на претставката [redacted] спаѓа во категоријата на даватели на јавни услуги, при што за истите не се применува балансерот за вработувања во јавниот сектор.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 15.2.2024 година испрати Барање за доставување информации бр. 08-82/3 до подносителот на претставката [redacted], со кое беше побарано подносителот да достави список со сите улоги кои ги изиграл, дополнително издвојувајќи ги театарските улоги кои ги играл на сцената на Македонскиот народен театар.

На ден 19.2.2024 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор на барањето за информации, согласно кој подносителот [redacted] има одиграно 19 улоги во склоп на Македонскиот народен театар и 2 дополнителни улоги пред неговото дипломирање на Факултетот за драмски уметности – Скопје, при што една од нив била во продукција на ФДУ и Македонскиот народен театар, додека другата била во продукција на ФДУ и Албанскиот театар во Скопје.

На ден 18.3.2024 година, согласно член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата изврши увид во просториите на Македонскиот народен театар, при што на увидот беа присутни директорката на театарот [redacted] и раководителот на секторот за административни, правни и општи работи – [redacted]

Од страна на членката на Комисијата беше побаран одговор во однос на наводите на подносителот Висар Вишка дека не добивал улоги за претстави во Македонскиот народен театар, како и наводите дека не му било овозможено да биде унапреден. На конкретните прашања, директорката на театарот одговори дека при унапредувањето на актери во нивниот театар, се водат најпрво од правилникот за систематизација на работните места, согласно кој и може да се воочат и условите кои еден актер треба да ги исполнува за да биде систематизиран во секоја поединечна група, дополнително на постапката уредена во нивниот правилник за унапредување. Оттука, истакна дека процесот на унапредување како на Висар Вишка, така и на уште неколку останати актери е попречен поради немањето на финансиски средства за истото. Имено, директорката додаде дека испратила допис до Министерството за култура, со барање за да се одобрат дополнителни финансиски средства со цел да се овозможи унапредување на 12 актери вработени во Македонскиот народен театар, при што поради фактот што ваквите средства не биле одобрени, истото претставува пречка

за унапредување на предметните актери, меѓу кои е и подносителот на претставката за заштита од дискриминација – [redacted].

Во однос на прашањето дали меѓу ваквите актери кои ги исполнуваат условите за унапредување во повисока група, има и актери кои се наоѓаат во иста фактичка ситуација како и подносителот на претставката, од страна на раководителот на секторот за административни, правни и општи работи беше наведено дека постојат неколку актери од четврта група кои ги исполнуваат условите да бидат унапредени во некоја од повисоките групи, при што потврди дека ваквото унапредување е спречено од погоре наведените причини. Оттука, како компаратори ги наведе актерите [redacted], актери од четврта група, кои и покрај тоа што ги исполнувале условите да бидат систематизирани како актери од повисока група, сè уште се воделе како актери од четврта група поради неодобрени финансиски средства за нивното унапредување.

Во однос на претходно наведеното, членката на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го задолжи раководителот на секторот за административни, правни и општи работи да достави дополнителни информации за фактичката положба на наведените компаратори, како и останати актери од четврта група кои се наоѓаат во иста фактичка ситуација како подносителот на претставката, како и бројот на улоги кои истите ги имаат остварено во рамките на Македонскиот народен театар.

На крајот на увидот, директорката истакна дека на подносителот на претставката Висар Вишка му биле понудени улоги во рамките на МНТ, меѓутоа за истите доста често барал да има алтернации поради неговите отсуства за снимање на филмови и останати зафати во рамки на неговата актерска дејност кои се одвивале во странство. Како пример за ваквото негово постапување беше наведена неговата улога во претставата Силјан Штркот – Шанца, за што при првото добивање на предметната улога побарала алтернација и бил заменуван од актерот [redacted]. Во однос на наведената театарска претстава, како и во писменото произнесување, потврдено е дека [redacted] започнал да ја игра својата улога дури во јануари 2024 година. Дополнително беше наведено дека покрај постапката за заштита од дискриминација пред Комисијата, [redacted] паралелно води и постапка пред суд.

На ден 19.3.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна допис со дополнителни информации во однос на компараторите кои се вработени како актери од 4. група, исто како и подносителот на претставката за заштита од дискриминација. Согласно доставените информации, актерот [redacted] е вработен во МНТ пред 5 години, и во текот на неговиот работен однос, има одиграно вкупно 20 улоги во рамките на МНТ и е добитник на 4 награди. Во однос на актерката [redacted] истата е вработена во МНТ од 2013 година, и до денот на доставување на известувањето има одиграно вкупно 22 улоги на сцената на Македонскиот народен театар.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на Македонскиот народен театар и директорката на театарот [redacted] врз [redacted] согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на*

*дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Комисијата утврди дека во конкретниот случај не станува збор за различен третман на подносителот на претставката [redacted] во однос на останатите актери во Македонскиот народен театар кои се вработени како актери од 4. група, имајќи го предвид фактот дека постојат актери кои се и со поголем број остварени улоги во на сцената на МНТ во споредба со оние на подносителот на претставката, меѓутоа истите не се унапредени како актери од повисока група. Имено, согласно Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Македонски народен театар Скопје, за работното место АКТЕР трета група е предвидено да биде исполнет следниот посебен услов:

*„Уметници чија активност се вреднува како особен придонес за творечкиот успех на матичната сцена на театарот. Актер со* ***остварени најмалку 10 улоги****."*

Дополнително, за работното место АКТЕР од втора група, предвиден е следниот посебен услов:

*„Уметници кои со своето искуство и креативните можности придонесуваат за афирмација на творечкиот успех на матичната сцена на Театарот. Актер со* ***остварени најмалку 20 улоги****, актери кои се редовно ангажирани во театарот и кои имаат добиено стручна награда на домашни и меѓународни театарски фестивали и/или општествени признанија и награди од областа на театарската/културната дејност"*

Од претходно наведеното, може да се увиде дека подносителот на претставката [redacted] ги исполнува посебните услови да биде унапреден како актер од повисока група, меѓутоа имајќи го во предвид фактот дека не е единствениот актер кој се наоѓа во таква фактичка положба, не станува збор за нееднакво постапување кон него врз дискриминаторските основи кои истиот ги има наведено во претставката за заштита од дискриминација – личен и општествен статус, политичка припадност, етничка припадност и други видови уверувања. Имено, актерите [redacted] и [redacted], кои исто како и подносителот се вработени како актери од 4. група, имаат одиграно 20 и 22 улоги соодветно, односно го исполнуваат посебниот услов да бидат унапредени како актери од 2. група. Оттука, Комисијата дополнително во предвид го имаше фактот дека на барањето на директорката на Македонскиот народен театар да бидат одобрени дополнителни финансиски средства со цел да се овозможи унапредување на вкупно 12 актери. Притоа, фактот што ваквите средства не биле одобрени од страна на Министерството за култура претставува пречка за унапредување на предметните актери, вклучително и подносителот на претставката [redacted]

Следствено на ова, [redacted] не е единствениот актер вработен во МНТ како актер од 4. група на кого не му е овозможено да биде унапреден како актер од повисока група врз некоја дискриминаторска основа, поради што Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација врз основ на личен и општествен статус, политичка припадност, етничка припадност и други видови уверувања во областа на работата и работните односи од страна на Македонскиот народен театар и [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
26.3.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
-